Jugoremedija

23/11/2010

<u>*УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ*</u>

**ADRENALIN HCl 1:1000, раствор за инјекција,1mg/1ml,50x1 ml**

Производител: **ЈУГОРЕМЕДИЈА АД ЗРЕЊАНИН**

Адреса: **Панчевачка бб,Зрењанин ,Србија**

Поднесувач на барањето: **СЕПТИМА ДООЕЛ**

Адреса: **Лондонска 19 ,1000 Скопје, Македонија**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Jugoremedija

**Заштитено име, јачина, фармацевтска форма**

**ADRENALIN HCl 1:1000, 1 mg/1ml, раствор за инјектирање**

**INN; epinefrin**

*За лекови кои се издаваат само на лекарски рецепт*

**Внимателно прочитајте го ова упатство ,пред да почнете да го користите овој лек.**

- Упатството сочувајтего.Може да ви биде потребно повторно да го прочитате.
- Доколку имате дополнителни прашања ,обратете се кај својот лекар или фармацевт.
- Овој лек ви е Вам препишан и не смеете да го давате на други лица.Може да им наштети ,дури и кога имаат исти знаци на болест како и Вие.
- Доколку некое несакано дејство станува сериозно или приметувате некое несакано дејство кое не е наведено во упатството ,ве молиме да ги известите вашиот лекар или фармацевт.

**Во ова упатство ќе прочитате:**

1. Што е лекот **ADRENALIN HCl 1:1000** и за што е наменет
2. Што треба да знаете пред да го земете лекот **ADRENALIN HCl 1:1000**
3. Како се употребува лекот **ADRENALIN HCl 1:1000**
4. Можните несакани дејства
5. Како треба да се чува лекот **ADRENALIN HCl 1:1000**
6. Дополнителни информации

Jugoremedija

## 1. ШТО Е ЛЕКОТ ADRENALIN HCl 1:1000 И ЗА ШТО Е НАМЕНЕТ

Адреналинот е активна супстанција која во телото ја создаваат адреналинските жлезди,кои се наоѓаат над бубрезите.Адреналинот дејствува на рецепторите во телото и можат да ја зголемат брзината и силата на контракцијата на срцевиот мускул,да го ублажат стеснувањето на дишните патишта во белите дробови и помагаки го дишењето ги олеснат симптомите на акутната алергиска реакција.
Акутните алергиски реакции се опасни по живот (губење на здивот,бледило и колапсот се пропратени на алергиската реакција која е опасна по живот).

## 2. ШТО ТРЕБА ДА СЕ ЗНАЕ ПРЕД ДА СЕ ЗЕМЕ ЛЕКОТ ADRENALIN HCl 1:1000

**Лекот ADRENALIN HCl 1:1000 не смее да се користи:**

Пред примање на инјекцијата треба да го предупредите својот лекар или фармацевт доколку:
- Сте осетливи или алергични на адреналин или некоја друга состојка на инјекцијата
- Сте во шок или сте изгубиле поголема количина на крв
- Имате некое заболување на срцето
- Имате глауком (зголемен очен притисок)
- Сте во период на бременост или доење
- Ќе бидете подлегнати на некоја операција под општи анестетици
- Земате други лекарства за зголемен крвен притисок ,болест на срцето ,антидепресиви ,тироидни хормони
- Сте дијабетичар
- Страдате од зголемен крвен притисок

**Кога го земате лекот ADRENALIN HCl 1:1000, посебно треба да обрнете внимание на:**

Предупредете го вашиот лекар доколку земате некои други лекарства за срце или висок крвен притисок,кашлица или настинка или антихистаминици,антидепресиви(на пример имипрамин) или лекови за недоволно активна тироидна жлезда.

Адреналинот е контраиндициран за примена на прсти,на нозе или раце ,нос или гениталии.

Интрамускуларната инјекција во седечкиот дел треба да се избегнува.

**Примена на други лекови**

Известете го вашиот лекар за сите лекови кои ги користите ,вклучувајќи ги и лековите кои ги купувате без рецепт.

**Земање на лекот ADRENALIN HCl 1:1000 со храна или пијалоци**

Не е применливо

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Jugoremedija

**Примена на лекот ADRENALIN HCl 1:1000 во период на бременост и доење**

Адреналинот поминува низ плацентата.Адреналинот треба да се применува во текот на бременост само доколку потенцијалната корист е поголема од можниот ризик за фетусот. Адреналинот се дистрибуира во мајчиното млеко.Мајките кои примаат Адреналин инјекции би требало да го избегнуваат доењето.

**Влијание на лекот ADRENALIN HCl 1:1000 на управувањето со моторните возила и управување со машините**

Нема забележани промени.

**Важните информации за некои состојки на лекот ADRENALIN HCl 1:1000**

Прочитајте го комплетниот состав на лекот ADRENALIN HCL 1:1000 вклучувајќи ги и помошните материи,доколку знаете дека сте на некои од нив алергични не треба да го земате овој лек.

**3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ ADRENALIN HCl 1:1000**

Вашиот лекар или медицинска сестра ќе ви даде адреналин или во мускул(интрамускуларно) или под кожа (субкутано).Вашиот лекар ќе ја одреди дозата која ви е вам потребна ,како и кога и на кој начин инјекцијата треба да се даде.
Вообичаени дози се:

| Старост | Количина на адреналин 1:1000 |
|---|---|
| До 6 месеци | 0 .05 ml |
| 6 месеци - 6 години | 0.12 ml |
| 6-12 години | 0.25 ml |
| Возрасни и адолесценти (погледни доле) | 0.5 ml |

За деца постари од 12 години кои се ситни или пред пубертет треба да им се даде доза од 0.25 ml.
Инјекцијата обично дејствува во рок од 3-5 минути ,но доколку дозата нема влијание на нападот ,може да се повтори неколку пати во период од по 5 минути.
Постарите лица:нема посебен режим на дозирање на Адреналин инјекцијата кај постарите лица. Меѓутоа Адреналин се дава со посебно внимание кај пациенти кои можат да бидат подложни на несакани дејства на Адреналинот на срцето.

**Ако сте зеле поголема доза на лекот ADRENALIN HCl 1:1000 одколку што е потребно**

Не е применливо

**Ако сте заборавиле да го земете лекот ADRENALIN HCl 1:1000**

Не е применливо

**Изглед на растворот:**
Бистар ,безбоен до слабо жолтеникав раствор.

**Пакување:**
Внатрешно пакување :ампула од безбојно стакло ,хидролитичка група I, волумен 1 ml.
Надворешно пакување:картонска кутија со 10 пластични вложки со по 5 ампули (вкупно 50 ампули),метална пилица и упатство за пациент.

**Производител (административно седиште и место на производство)**

**ЈУГОРЕМЕДИЈА АД ЗРЕЊАНИН**
**Панчевачка бб,Зрењанин,Србија**

**Носител на одобрението за ставање на лекот во промет/Застапник**

**СЕПТИМА ДООЕЛ**
**Лондонска 19,1000 Скопје ,Македонија**

**Ова упатство е последен пат одобрено**

**Режим на издавање на лекот:**

**Лекот може да се издава само на лекарски рецепт.**

**Број и датум на дозвола:**